# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Наш број: 09 –1606/1 28.01.2009

Ваш број: Скопје

**До**

________________________________

________________________________

**ПРЕДМЕТ: НОМИНАЦИЈА НА ЛИЦА ЗА ОБУКА**

Почитувани,

Агенцијата за државни службеници на Република Македонија и Амбасадата на Франција во Република Македонија од 2002 година, го спроведуваат проектот за професионална обука на државните службеници – програма за „Висока административна обука“ (ВАО 1 и ВАО 2). Во наведениот период од шест генерации, вкупно 134 државни службеници успешно ги завршија програмски предвидените активности за обуката.

Во рамките на програмата на ВАО - 2 за оваа година, следејќи ги педагошките насоки од претходните години, предвидена е мултидисциплинарна интерактивна обука во траење од пет месеци во Скопје, со вкупно 222 часа, што се одржуваат два пати неделно, односно секој петок и сабота, во просториите на Агенцијата за државни службеници. Обуката ја изведуваат македонски универзитетски професори, практичари и експерти, како и француски и други меѓународни експерти. По завршување на обуката во Скопје, следи 4 неделен студиски престој во Националната школа за администрација (ЕНА) во Париз, Франција.

Како дополнителна активност на обуката, ќе бидат организирани часови по француски јазик во Францускиот културен центар, наменети за сите слушатели, коишто ќе се одржуваат паралелно со обуката, почнувајќи од март 2009 година. Часовите се организирани во повеќе семестри и се во функција на овозможување добро владеење со францускиот јазик на учесниците. Напоменуваме дека, во иднина, дипломираните слушатели на Програмата ВАО - 2 ќе имаат приоритет за учество на тематските стажирања на континуирана обука во Националната школа за администрација (ЕНА) во Париз, Франција, под услов добро да го владеат францускиот јазик.

Поради евидентната корисност на оваа програма за државната служба на Република Македонија, Агенцијата за државни службеници и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија, вложија дополнителни напори обуката за генерацијата 2009 да биде достапна за поголем број на државни службеници од досега вообичаените. Имено, се очекува генерацијата ВАО за 2009 година да брои помеѓу 20 и 25 државни службеници-стажанти. Според предвидената динамика, обуката треба да започне на 13 март 2009 година, на што претходи подготовката за селекција на овогодинешните стажанти. Програмата на предавањата како и временскиот распоред Ви ги доставуваме во прилог.

ул. Јуриј Гагарин бр. 15, 1000 Скопје
тел. (02) 3094 200, факс: (02) 3082 937, е-пошта: kontakt@ads.gov.mk

Овој циклус на обуки, кој има за цел подобрување на професионалниот квалитет на администрацијата бара заеднички ангажман на сите инволвирани страни, а во тој контекст и Ваш и на Вашиот орган.

Имено, согласно заклучоците на Владата на Република Македонија, од редовната седница, одржана на 07.04.2006 година, кои се интегрален дел од билатералниот Договор за соработка во спроведување на програмата „Висока административна обука (втор дел)", потпишан помеѓу Агенцијата за државни службеници и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија, органите кои ќе номинираат свои кандидати за учество на обуката, се задолжуваат да ги сносат трошоците за патување и сместување во Париз, како и финансиските трошоци за транспорт и сместување во Скопје за учесниците, кои не живеат во Скопје.

Во смисла на одредбите од овој Договор, секој орган којшто ќе има учесник на обуката, се обврзува да му обезбеди на истиот, континуирано и непречено следење на сите програмски содржини во Скопје и во Париз. Од друга страна, самиот учесник е должен континуирано да ја следи целосно обуката и да ги исполнува сите обврски што произлегуваат од програмските содржини за предавањата во Скопје и во Париз.

Исто така, од учесниците на обуката се бара залагање да останат во државната служба на Република Македонија, минимум две години по доделувањето на дипломата за завршена „Висока административна обука".

Агенцијата за Државни Службеници и Амбасадата на Франција во Република Македонија придонесуваат во поглед на вкупните трошоци за педагошката обука (простории, предавачи - експерти, преводи, координација) како и логистичка поддршка во Скопје и во Париз.

Врз основа на горе наведеното, Ве известуваме дека државните службеници од Вашиот орган се поканети да конкурираат за учество во оваа обука. **<u>Кандидатурите потребно е да бидат доставени најдоцна до 18 Февруари 2009 година (среда) во Агенцијата за државни служеници</u>**.

<u>Лицата кои конкурираат потребно е да ги исполнуваат следните критериуми :</u>

- Да произлегуваат од групата стручни државни службеници и од групата раководни државни службеници, согласно Законот за државни службеници, (државните службеници кои припаѓаат на звањето помлад соработник, од групата на стручни државни службеници и на сите звања од групата стручно-административни државни службеници нема да бидат прифатени );
- Кандидатите треба да познаваат барем еден светски јазик, при што познавањето на францускиот јазик се смета за предност ;
- Кандидатите треба да имаат работно искуство во државната служба најмалку 3 години.

<u>Пријавата задолжително треба да ги содржи следните документи :</u>

- Писмена потврда, потпишана од функционерот кој раководи со органот, кој номинира свој учесник, со која, за учество на кандидатот во ВАО 2, гарантира непречено и континуирано следење на сите програмски содржини предвидени со обуката и се обврзува дека ќе ги сноси сите трошоци за патување и сместување во Париз, како и финансиските трошоци за транспорт и сместување во Скопје, доколку учесникот не живее во Скопје;
- Биографија на кандидатот во ЕУ форма ;
- Една копија од ДС - 2 образецот (кариера во државната служба) на државниот службеник ;
- Копија од Диплома/Уверение за завршено високо образование;
- Писмо за мотивација;

Изборот за новата група ќе го врши Комисија формирана од претставници на Амбасадата на Франција во Република Македонија, Агенцијата за државни службеници и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, врз основа на горе наведените критериуми. Сите кандидати кои ги исполнуваат критериумите, ќе бидат повикани на интервју на крајот на месец февруари 2009 година.

Доколку кандидатите од Вашата институција се избрани во генерацијата 2009 година, навремено ќе Ве известиме, со цел да им се овозможи непречено и континуирано следење на обуката во текот на нејзиното времетраење.

Кандидатите кои нема да бидат избрани за генерацијата 2009, но за кои за време на изборот биле забележани нивните подобности, ќе бидат ставени на листата за наредниот избор. За време на тој период на чекање, тие ќе можат да ги следат часовите по француски јазик на исто ниво со избраните слушатели.

Дозволете ни да изразиме лична подготвеност да Ви ги доставиме сите понатамошни детали и информации кои би можеле да бидат од Ваш интерес. Лице за контакт од Агенцијата за државни службеници е Анамарија Андреска, координатор на проектот (тел:3094 220; факс: 3082 937; е – пошта : a.andreska@ads.gov.mk)

Со почит,

Директор,
Александар Гештаковски

**АМА/АГ**

Прилог:
- Педагошки план на обуката
- Временски распоред на програмата за обука

Доставено до:
- Државни секретари
- Генерални секреари
- Директори на самостојни органи на управата
- Раководители на самостојните органи на државата
- Градоначалници на општините